32472 К

Вечер, Скопје, 26.IV 1985 10

КУЛТУРА ● УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВАНИЕ ● КУЛТУРА ● УМЕТНО

СОВЕТУВАЊЕ ЗА МАРКСИСТИЧКАТА КРИТИКА И ВРЕДНУВАЊЕТО НА ТВОРЕШТВО[ТО]

# Стручна и научна к[ритика]

● СОВЕТУВАЊЕТО ЗА ОВАА ЗНАЧАЈНА ТЕМА, ШТО СЕ ОДРЖА ВЧЕРА ВО СКОПЈЕ, ГО ОРГАНИЗИРАШЕ КОМИСИЈАТА НА ЦК СКМ ЗА ИДЕЈНА РАБОТА

Во организација на Комисијата на ЦК СКМ за идејна работа вчера во Скопје се одржа советување на тема „Марксистичката критика и вреднувањето на творештвото". На советувањето, што го раководеше м-р Методи Петровски, учествуваа голем број општествено — политички и културни работници, автори и уметнички творци, критичари, претставници на уметнички здруженија, кои, во речиси петчасовната дебата, наместа и полемички интонирана, проговорија за повеќето аспекти на нашата критика и нејзиниот однос при вреднувањето на уметничките дела.

Воведен збор имаше м-р Методи Петроски, кој, потенцирајќи дека во општество со квалитет какво што е нашето „задачата на марксистичката критика во вреднувањето на творештвото е во прв ред да ги афирмира автентичните хуманистички вредности на нашето творештво, да ги открива вистинските општествени спротивности и да води активна борба против злоупотребата на творештвото" — ги иницира и прашањата за кои вчера се водеше дебата: колку нашата марксистичка критика ги содржи тие димензии, какви се нејзините критериуми и инструменти при вреднувањето на делата?

Земајќи збор во дискусијата Томе Момировски забележа што во конкретниот случај темата е определена само кон односот критика — уметничко творештво, а не е зафатена целата номенклатура на творештвото, споменувајќи ја притоа архитектурата, културата што се создава низ трудот, историографијата, општествените и фундаменталните науки. Според Момировски нема унифициран модел на марксистичка критика, но како ќе ја изградиме во ситуација на разводенети ставови и различни толкувања на марксизмот — веќе имаме републички, покраински, па и личен марксизам? Катица Кулавкова посебно се заложи во вреднувањето на едно дела критичарот да мора да инсистира на критериумот — стручност, во критиката да биде запазена научноста, зашто поинаку сфатената критика би се граничела со поимот — критизерство. Зборувајќи за музичката критика, која, според него треба да го насочува музичкиот развој, Костадин Костадиновски рече дека и критика без легитимизирање на високи естетски вредности се коси со етичките норми и не може да се нарече критика.

Осврнувајќи се на ликовната критика Петар Мазев рече дека „би бил среќен ако некој рече дека и македонската ликовна критика зазема така високо место какво што има македонската ликовна уметност во рамките на југословенската ликовна уметност", додека според Ферид Мухиќ нашата критика треба да работи со факти. Милан Ѓурчинов ѝ забележа на нашата критика што се уште молчи за некои појави во нашето уметничко творештво, а зборувајќи за театарската критика Благоја Иванов рече дека и таа импресионистика, дека претставата за неа е еднократен настан (премиерата) и дека не ги разгледува односите театар — репертоар — жанр — публика. Георги Старделов во својата дискусија воглавно се задржа на критичарските критериуми, додека Тихо Кондев забележа дека нашата критика е повеќе свртена кон авторите, а не кон делата, а особено не кон корисниците на уметничките дела. Слободан Мицковиќ изрази и задоволство од нашата критика, потврдувајќи го тоа со податокот дека кај нас веќе се создава една хиерархија на вредности и тоа сепак сугерирана од оние што го вреднуваат уметничкото творештво.

Во дискусијата на вчерашното советување учествуваа уште Томислав Османли, Никола Тодорчевски, Радован Павловски, Паскал Гилевски, Борис Петковски, Петар Хаџи Бошков, Коста Балабанов и Борка Лазески. Да кажеме дека дискусиите, размислите, па и разногласијата што вчера можеа да се слушнат ќе бидат основа за седницата што наскоро на истата тема ќе ја организира Комисијата на ЦК СКМ за идејна работа, која вчерашното советување го најави и како претходница за оваа седница.

Р. Равановска — Тулбевска